***ООУ “Аврам Писевски“***
*Ул.2 бр. 10 с.Бардовци - Скопје*
*Тел/фах 02 309 5949*
*E-mail: direktor@oouavrampisevski.edu.mk*

# ***Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј***

**за воспитно-образовната работа на**
**ООУ „Аврам Писевски“ с. Бардовци во учебната 2019/2020 година**




<u>Адреса</u>: улица 2 број 10 с.Бардовци , Општина Карпош, Скопје
<u>Телефон/факс</u> : 30.95.949
e.mail *: direktor@oouavrampisevski.edu.mk*
веб страна на училиштето *<u>www.oouavrampisevski.edu.mk</u>*

Училиштето е од тврда градба и е <u>изградено</u> во 1980 година со самопридонес на граѓаните на Република Македонија од град Скопје.
<u>Верифицирано</u> е на Општинскиот комитет за образование, култура и физичка култура со решение број 11-587/1986 година.

***Вовед***

Основното училиште **„**Аврам Писевски**“** е централно самостојно основно училиште, лоцирано во село Бардовци, општина Карпош, со опфат на ученици од реонот на населбата Злокуќани, село Бардовци и населбата Момин Поток.

Пристапот до училиштето е овозможен со автобуските линии **21** и **21А**, со постоечкиот градски сообраќаен транспорт.

***Кус историјат***

Училишниот објект е изграден со средствата од самопридонесот на граѓаните на Република Македонија во 1979 година, а верифицирано е од Општинскиот комитет за образование, култура и физичка култура со решение број 11-587/1986 година.

Од 1.2.1980 год. наставата започнала да се изведува во новата училишна зграда, а училиштето административно било дел од ОУ„ Јосип Броз Тито“ сегашно ООУ „ Димо Хаџи Димов“. Тогашен заменик директор бил Боце Алексовски. До пред осамостојувањето на училиштето, заменик директор до 1984 година била Радмила Станковиќ.

Од осамостојувањето на училиштето и именување во ОУ „Аврам Писевски“, со училиштето раководеле следните директори:

- Младеновски Борко од 1985 – 1990 година
- Момировски Милан од 1990 – 2010 година
- Милисавова Рајна од 2006 до 2007 година
- Момировски Милан од 2007 до 2009 година
- Петковски Драги од 2009 – 2014 година
- Милеска Марина од 2014 година –2018 година
- м-р Матилда Бајкова – 2018 година

.

Називот на училиштето е променет во Општинско основно училиште со решение од Централен регистар на Р.М од 06.11.2012 година со деловоден број 30120120032449.

***Просторни и материјално – технички услови услови за работа на училиштето***

Училишната зграда (од цврста градба) има покриена површина од 2250 $м^2$, каде што се сместени училници, кабинети, фискултурната сала и друг помошен простор за нормално одвивање на наставата. Училишниот двор има површина од 7250 $м^2$, со надворешните спортски терени (500$м^2$) и 5000$m^2$ дворна површина, од која 1700$m^2$ се уредени со зеленило и пристапна патека. Вкупната површина на училиштето (зградата и дворот) е 10 000 $м^2$. На северниот дел од дворот е изградена предучилишна установа од општина Карпош со што се подобрени условите за опфат на децата во прво одделение од населбите Бардовци и Злокуќани.

Со проектот „Реконструкција на тоалети„, проект на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, Општина Карпош и ООУ „Аврам Писевски„ од 5 септември – 14.10.2019 г. извршено е реновирање на тоалетите во училиштето, проект како и поправка на канализациската мрежа со што се отстрани непријатната миризба и честите запушувања. Во училиштето е опремена сензорна соба за ученици со посебни потреби и тоалет прилагоден за потребите на децата со телесни потешкотии.

Обезбедени се потребните хигиено-технички услови за реализација на воспитно-образовната дејност, како и кадровскиот потенцијал за нормално функционирање на наставниот процес.

Училиштето се затоплува со сопствен систем за парно греење со користење на нафта, со нови парни котли.

- ***Просторни услови за работа на училиштето***

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | една |
| Број на подрачни училишта | нема |
| Бруто површина | 10 000 $м^2$ |
| Нето површина | 2250 $м^2$ |
| Број на спортски терени | 2 |
| Број на катови | 2 ( приземје и кат) |
| Број на училници | 14 |
| Број на помошни простории | 8 |
| Училишна библиотека | 1 |

Материјално-техничките услови на училиштето во основа ги задоволуваат основните потребите за нормално одвивање на наставно-воспитниот процес во училиштето, со 31 вработени и 249 ученици запишани на почетокот на учебната 2019/2020година, распоредени во 15 паралелки и една група продолжен престој. Во почетокот на учебната година во прво одделение се запишаа деца од ромската етничка припадност чии родители не го запазиле законскиот рок за упис и со две деца со посебни образовни потреби се создадоа услови за формирање на две паралелки.

Во учебната 2019/2020 година училишната библиотека е збогатена со нови книги по пат на донација, но се уште има потреба од набавка на енциклопедиски и лексикографски изданија, лектири за учениците и стручна литература за наставниците.

- ***Материјално-технички услови***

| **Материјално – технички услови** | |
|---|---|
| **Компјутери** | 6 (70 монитори) |
| **мали компјутери за наставнициодд.настава** | 18 |
| **Лап топ за наставници** | 9 |
| **Лап топи за администрација** | 4 (1 оштетен) |
| **ЛЦД** | 2 |
| **ДВД** | 1 |
| **ДВД/ЦД/МП3 Комбо** | 1 |
| **Телевизори** | 2 |
| **ЦД – плеери** | 9 ( 3 оштетени) |
| **Музички систем** | 1 |
| **Пијано** | 1 |
| **Принтери** | 7 ( 2 оштетени) |
| **Фотокопири** | 3 |
| **Дигитален фотоапарат** | 2 |
| **Кабинет по информатика** | 12 |
| **Микроскоп** | 1 |

***- Наставен кадар***

Во училиштето има 35 (триесет и пет) вработени, од кои 28 се од женски пол, а 7 од машки пол. Со научно звање магистер се 5 вработени, високо образование се 2 вработени, 3 со Виша стручна спрема, 1 со средно образование, 1 со основно образование и 1 со тригодишно средно образование. Старосната структура на вработените се движи од од 20-30 години – 0 вработени, од 31-40 години – 15 вработени, од 41-50 години – 8 вработени и од 51 – 62 години и до пензија - 12. Триесет и четири вработени се од македонска етничка припадност и еден вработен од ромската етничка припадност.

- ***Степен на образование на вработени***

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование – VII/2 | 5 |
| Високо образование | 24 |
| Виша стручна спрема | 3 |
| Средно образование | 1 |
| Тригодишно средно образование | 1 |
| Основно образование | 1 |

- ***Наставен кадар***

| Одд. | вкупно | Етничка и полова структура на вработени | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 35 | 6 | 28 | | | | | 1 | | | |
| Број на наставен кадар | 28 | 4 | 22 | | | | | 1 | | | |
| Број на стручни соработници | 2 | | 2 | | | | | | | | |
| Административни работници | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| Техничка служба | 3 | 1 | 2 | | | | | | | | |
| Директор | 1 | | 1 | | | | | | | | |

- ***Старосна структура на вработени***

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 0 |
| 31-40 | 15 |
| 41-50 | 8 |
| 51- 62 до пензија | 12 |
| Вкупно | 35 |

## -Одделенски наставници – 2019/2020 учебна година

| Реден Број | Име и презиме | Стручна спрема | Фонд на часови | Одделение |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Слободанка Пешевска | професор | 21 | Iа |
| 2. | Снежана Шаркова | професор | 21 | Iб |
| 3. | Драгана Горковска Гавриловска | професор | 21 | IIа |
| 4. | Наташа Весковски | професор | 21 | IIб |
| 5. | Кристина Андриќ Стојановска | професор | 23 | IIIа |
| 6. | Александра Пројковска - Ана Деспотовска | професор | 23 | III |
| 6. | Александра Гаврилоска | професор | 24 | IVа |
| 7. | Александра Смилковска | професор | 24 | Vа |
| 8. | Оливера Петрушевска | професор | 24 | Vб |
| 9. | Нада Блажевска | наставник | (40) | Продолжен престој |
| 10. | Филип Трајковски | Професор по физичко образ. | 6 | Iа и Iб |

## -Предметни наставници - 2019/2020 учебна година

| Реден број | Име и презиме | Стручна спрема | Фонд на часови | Предмет |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Марика Ракиќ | наставник | 20 | македонски јазик |
| 2. | Александра Илиевска | професор | 20 + 1 одделенски | математика, физика, вештини за живеење |
| 3. | Наташа Томшиќ | професор | 22 + 1 одделенски | англиски јазик |
| 4. | Љубица Манов | професор | 19 | англиски јазик |
| 5. | Слаѓана Чекичевска | професор | 14 | музичко образование, хор и оркестар,проекти од музичка уметност |
| 6. | Благица Атанасовски - замена Ацо Христовски | професор | 8 | Француски јазик |
| 7. | Благојче Бошковски - Јовица Куковски | професор | 12 + 2 | Географија, Вештини за живеење |
| 8. | Маја Христовска | Професор | 10 | биологија |
| 9. | Зорица Бебекоска – Спиридонов | Професор | 12 + 1 одделенски | Хемија и Природни науки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Стеван Боцески | Професор | 17 | историја, граѓанско образование, истражување на родниот крај |
| 11. | Зоран Бочваровски | Професор | 20 | физичко и здр. образ., изборен спорт |
| 12. | Горица Бошкоска | Професор | 5 | запознавање на религиите и етика |
| 13. | Ана Дионисиева | Професор | 14+1 одделенски | информатика, проекти од информатиката, техничко образование и админ на EMIS/иновации |
| 14. | Елена Мазни | Професор | 15 + 1 одделенски | Математика, Иновации/проекти од информатика |
| 15. | Хусеин Зеќир | Професор | 8 | јазик и култура на ромите |

## - Наставници кои дополнуваат во друго училиште

| Реден број | Име и презиме | Број на часови | Училиште | Предмет |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Љубица Манов | 3 | ООУ „Јан Амос Коменски“ | англиски јазик |
| 2. | Слаѓана Чекичевска | 4<br>3 | ООУ „Вера Циривири Трена“<br>ООУ„Владо Тасевски“ | музичко образование |
| 3. | Зорица Бебекоска -Спиридонов | 10 | ООУ „Војдан Чернодрински“ ,ООУ,,Петар Поп Арсов,, и ООУ,,Јан Амос Коменски ,, | Хемија, Природни науки |
| 4. | Ана Дионисиева | 6 | ООУ„Братство“ | Информатика,иновации |
| 5. | Благојче Бошковски | 6 | ООУ „Петар Поп Арсов“ | географија |
| 6. | Елена Мазни | 5 | ООУ„Владо Тасевски“ | математика |

**-Наставници кои дополнуваат во нашето училиште:**

| Реден број | Име и презиме | Број на часови | Училиште од кое доаѓаат | Предмет |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Тони Шулајковски | 6 | ООУ „Петар Поп Арсов“ | ликовно образование |
| 2. | Јаворка Китевска/ (замена) Мимоза Чупиќ | 4 | ООУ „Кристијан Тодоровски - Карпош“ | француски јазик |
| 3. | Сања Трајковска | 4 | ООУ „Лазо Трповски‘‘ | македонски јазик |

Севкупната работа во училиштето ја планира, раководи и координира директорот м-р Матилда Бајкова со стручни соработници психолог и библиотекар, кои во рамките на законските одредби, ги извршуваат своите работни задачи.

***-Наставен јазик***

| | Наставен јазик- македонски | Наставен јазик- албански | Наставен јазик- турски | Наставен јазик- српски |
|---|---|---|---|---|
| **Број на класови** | 15 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 244 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 25 | / | / | / |

***Ученици –***

На почетокот на учебната 2019/2020 година, во ООУ “Аврам Писевски“ се запишани 250 ученици распоредени во 15 паралелки од кои 132 се од машки пол, а 118 од женски пол. Училиштето има мултиетнички состав и тоа: 120 (56м /64ж) ученици од македонска етничка припадност, 127 (75м /51ж) ученици од ромска етничка припадност и 4 ученици (2ж/2м) од албанска етничка припадност. На крај на учебната 2019/2020 година, бројната состојба на учениците по полова и етничка припадност е 244 ученици (129м/116ж) од кои: 117 (56м / 61ж) ученици од македонска етничка припадност, 123 ученици од ромската етничка припадност (70 м/53 ж) и 4 ученици (2ж / 2м) од албанска етничка припадност.

| Одделение | Бр.на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 2 | 33 | 5 | 5 | 1 | / | / | / | 11 | 11 | / | / |
| **II** | 2 | 34 | 4 | 7 | / | / | / | / | 9 | 14 | / | / |
| **III** | 2 | 33 | 9 | 9 | / | / | / | / | 10 | 5 | / | / |
| **IV** | 1 | 22 | 8 | 4 | / | / | / | / | 5 | 5 | / | / |
| **V** | 2 | 34 | 4 | 9 | / | / | / | / | 16 | 5 | / | / |
| **VI** | 1 | 20 | 6 | 9 | / | 2 | / | / | 3 | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **VII** | 2 | 25 | 6 | 6 | / | / | / | / | 8 | 5 | / | / |
| **VIII** | 1 | 21 | 8 | 4 | 1 | / | / | / | 5 | 3 | / | / |
| **IX** | 2 | 22 | 6 | 8 | / | / | / | / | 3 | 5 | / | / |

Запишувањето на ученици во прво одделение е извршено за време на законскиот рок. Во месеците август и септември е извршена проверка дали сите деца од реонот на училиштето се запишани во прво одделение и е констатирано дека запишувањето е со помал опфат на деца особено на децата од македонската етничка припадност. Со известувањето од Министерството за здравство за задолжителна имунизација на децата против сипаници, при уписот на првачиња се извршени проверки на потврдите за имунизација и е констатирано дека 10 деца немаат уредни вакцинални картони. Од Министерството за здравство, на 18.9.2019 г. е извршен инспекциски увид во документацијата на запишаните првачиња. Дополнително, од страна на психологот на училиштето се извршени посети во Поликлиниката Букурешт и Здравствениот дом Ѓорче Петров, оддел за имунизација, за проверка на картоните на запишаните деца во прво одделение чии што родители не доставиле потврди за примени вакцини и при тоа е констатирано дека 7 деца немаат отворени картони за имунизација. По накнадно барање на Здравствениот дом Ѓорче Петров, доставен е список на 7 деца со адреси на живеење за да бидат вакцинирани.

Во текот на месец септември како и минатите години, во училиштето се запишаа првачиња од ромската етничка припадност чии родители го испуштиле законскиот рок за упис во прво одделение. а крајот на учебната 2019/2020 година вкупно се 231 редовни и оценети ученици. Испишани и префрлени во други училишта се 10 ученици (2 м. и 8 ж.) и 4 новодојдени ученици (1 м. и 3 ж.) по основ на промена на место на живеење. Училиштето е инклузивна средина за 9 ученици со посебни образовни потреби кои се со мислење од соодветни установи и стручни тела за проценка. За 4 ученици се обезбедени 1 личен и 3 образовни асистенти во соработка со општина Карпош. Поради заминување во странство и промена на место на живеење 10 ученици од ромската етничка припадност го напуштиле школувањето. Бројот на ученици варира поради тоа што училиштето опфаќа и ученици кои потекнуваат од нестабилна или нецелосна семејна средина со лоши социо-економски услови за живеење и номадски начин на живеење (карактеристично за семејствата од ромската популација) со напуштање на школувањето, чести преселби и заминување во странство и повратници од ЕУ држави. На еден ученик од деветто одделение, поради возраста, му заврши обврската за редовно основно образование. Два ученика се упатени да полагаат одделенски испит (1ж. Во одделенска настава и 1ж. во предметна настава) поради отсуство од настава во првото полугодие.

Училиштето работи според Наставен план и програма усвоена од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Наставата се изведува на македонски наставен јазик. Просторните услови овозможуваат работа во една смена со продолжен престој за ученици од прво до четврто одделение.

## Реализација на воспитно-образовната дејност на училиштето

Учебната 2019/2020 година почна на 2 септември 2019 година, но поради Предупредувачкиот штрајк од СОНК, наставата почна на 3 септември 2019 година. Наставата се изведува според Наставниот план и програма на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Концепцијата за деветгодишно основно образование, Измените и дополнувањата на Законот за основно образование, Законот за основно образование (Сл. Весник 161 од 5 август 2019 година), Бирото за развој на образованието на Република Северна Македонија и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020 година. Организирањето на работата на ООУ „Аврам Писевски„ во учебната 2019/2020 година се одвива согласно Календарот за организација на учебната 2019/2020 година во основните училишта донесен од министерот за образование и наука (Сл. весник бр.154 од 29.7.2019 година). Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 март 2020 година, донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за основно образование за реализација и организација на наставата во основните училишта, како и за начинот на оценувањето на учениците за времетраење на вонредната состојба (Сл. Весник бр.76/2020) поради пандемијата со КОВИД 19, со која Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), се применуваше за времетраење на вонредната состојба во Република Северна Македонија. За реализација и организација на наставата во основните училишта и за оценувањето на учениците за времетраење на вонредната состојба се применуваа одредбите од оваа уредба со законска сила. Наставата во основните училишта се организираше преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација. Средства за електронска комуникација, во смисла на оваа Уредба се средства кои обезбедуваат реализација на наставата без заедничко физичко присуство на учесниците во наставниот процес и кои овозможуваат взаемна двонасочна комуникација. Се користеа средства за електронска комуникација како видеоконференциски платформи, електронска пошта или други системи за електронска размена на податоци.

Наставата во училиштето се реализира на македонски наставен јазик и во една смена со продолжен престој. Според Наставниот план и програма, редовната настава во учебната 2019/2020 година е реализирана во целост.

Во училиштето е обезбедена ужина од страна на Општина Карпош за учениците од прво до деветто одделение со 50% учество од родителите на оние ученици кои се заинтересирани за организирана ужина како и обезбеден автобуски превоз со ЈСП и слободни карти за (121) ученици кои живеат во населбата Злокуќани.

## *М И С И Ј А   Н А   У Ч И Л И Ш Т Е Т О*

Нашето училиште е здрава и пријатна средина која им овозможува на учениците, како главни субјекти на сите активности, да се здобијат со основните знаења, умеења и вештини неопходни за продолжување на образованието и секојдневното функционирање, а наставниците реализираат современа и квалитетна настава со примена на современи наставни методи и техники и континуирано професионално усовршување.

## *В И З И Ј А   Н А   У Ч И Л И Ш Т Е Т О*

Нашата визија е обезбедување на еднакви можности на учениците од сите етнички групи да ги искористат своите капацитети за да стекнат знаења, способности и вештини преку модернизација на наставата, осовременување на наставните средства и усовршување на наставниот кадар.

Во Годишната програма за работа на училиштето за 2019/2020 година, ги поставивме следните приоритети:

1. Подобрување на мотивацијата на учениците постигање на подобри резултати во учењето;

2. Прилагодување на наставата врз основа на индивидуалните способности и образовните потреби на учениците (адаптација на простор за „сензорна соба„ за деца со посебни образовни потреби;
3. Грижа за безбедноста и здравјето на учениците;
4. Воспоставување на меѓународна соработка со училишта во странство со иста или слична мисија и визија;
5. Училиште на 21 век -микро бит

Во понатамошниот текст направена е елаборација на секоја од развојните цели.

# Организација на воспитно-образовната дејност

Сите одделенски и предметни наставници навремено изготвија наставни програми по соодветните наставни предмети: задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности, образование за животни вештини и активности наведени во одделенскиот дневник на паралелката. При изготвувањето на наставните програми се почитувани наставните програми изготвени од БРО и одобрени од министерот за образование и наука. При конципирањето на наставните програми се почитувани сите едукативни придобивки на наставниците стекнати при одржување на работилници во рамките на досегашните активности на стручните активи, посетените обуки организирани од МОН, БРО, УСАИД и др. и интерните обуки во училиштето.

Со одлуката на Владата на Република Северна Македонија донесена на 15-та седница одржана на 10.03.2020 година се прекина воспитно образовниот процес и наставата во сите училишта на територијата на нашата држава. Република Северна Македонија на 18 Март 2020 прогласи вонредна состојба на целата територија на државата. Поради пандемијата од КОВИД 19 и вонредната состојба училиштето својата работа ја продолжи преку примена на средства за електронска комуникација. Со започнувањето на настава по електронски пат за учениците како резултат на состојбата за превенција и заштита од Covid – 19 наставничкиот кадар како и училиштето во целина ја прилагоди својата работа по електронски пат на училишната платформа на Google drive, се прикачуваа материјалите согласно со програмата.

Покрај предвидените наставни содржини, во годишните наставни програми на наставниците се содржани програмски активности преку кои се реализираат:

- Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем.
- Меѓуетничка интеграција во образованието
- Инклузија на деца со посебни образовни потреби.
- Примена на ИКТ во наставата.
- Организирани наставни посети
- Училиште на 21 век

***Настава***

Структурата на воспитно-образовната дејност содржи: редовна, изборна, дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности, вонраставни активности и други задолженија зацртани со Годишната програма за работа на училиштето.

Наставата (задолжителна, изборна, дополнителна, додатна) и слободните ученички активности се реализираа според училишниот распоред на часови кој беше навремено изготвен.

Наставниците во текот на учебната година ги применуваа сите наставни форми и методи, со цел успешна реализација и повисоки постигања на учениците. Во оваа учебна година почна со реализација проектот „Дуален наставник по физичко образование„ со кој наставата по физичко образование во прво одделение ја изведува одделенски наставник и наставник по физичко образование.

До 10.3.2020 година се реализираше редовна настава, но потоа со оглед на новонастанатата ситуација во нашата држава (пандемија-Ковид 19) наставата во училиштето почна да се организира преку далечинско учење односно учење од дома со примена на средства за електронска комуникација. Наставата се реализираше преку платформата google drive, а учениците имаа можност редовно да следат и е-училница на МРТ.

Во училиштето, во учебната 2019/2020 година, воспитно – образовниот процес се планира, организира и реализира со:

**1.Задолжителна настава** - По сите наставни предмети во одделенска и предметна настава се реализира потребниот број на часови предвидени со Наставниот план и програма. Во училиштето наставата се реализира според однапред утврден распоред на часови. Наставниот час трае 40 минути.

**2.Изборна настава -** Согласно Наставниот план и програма за деветгодишно основно образование, изборната настава во учебната година се реализираше во целост наставата во паралелките со изборни предмети:

- IIIa, б; IVa, Va,б Јазик и култура на ромите - за учениците од ромската етничка припадност
- IVa Творештво;
- Va, б Творештво;
- VIa Запознавање со религиите;
- VIIa Вештини за живеење
- VIIб Вештини за живеење
- VIIIa Проекти од музичка уметност и Проекти од информатиката
- IXa,б Истражување на родниот крај/ Изборен спорт;

**3. Дополнителна настава** - според Законот за изменување и дополнување на Законот за Основно образование, дополнителна настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, како и подолго оправдано отсуство. Истакнат е распоред за додатна и дополнителна настава за секој наставен предмет на месечна основа и на видно место во училиштето. Реализираните часови дополнителна настава во одделенска и предметна настава се прикажани во табела во прилози.

**4.Додатната настава** - според Законот за изменување и дополнување на Законот за Основно образование, додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици - учениците кои можат да совладаат поголем обем и повисоко ниво од предвидените воспитно- образовни содржини). Од работата на додатната настава произлегува и учеството на талентираните ученици на разни натпревари во општината, градот и републиката со што училиштето на крајот на секоја наставна година е побогато со нови признанија, пофалници и дипломи.

Реализираните часови додатна настава во одделенска и предметна настава се прикажани во табела во прилози.

Во услови на учење од далечина, дополнителната настава се одвиваше преку индивидуални контакти со учениците и родителите, со користење на средства за електронска комуникација, повратни пишани информации и објаснувања.

**5.Вонначставни активности** – во училиштето работат секции по сите предмети според однапред изготвена програма за работа. Во тек на учебната година, со вклучувањето на учениците во секциите, според нивните интереси, реализирани се повеќе активности. Во табела се прикажани вонначставните активности во прилози.

Носители се сите наставници поединечно, одговорните наставници на активите, стручниот соработник и директорот.

Наставата (задолжителната, изборната, дополнителната и додатната) како и е-наставата се следеше континуирано од страна на директорот и психологот. Директорот, заедно со психологот го следи планирањето и квалитетот на реализацијата на училишните проекти. Исто така, директорот и психологот даваат предлози, сугестии, потребна помош за поквалитетно планирање и реализација на зацртаните програми, развивање на поквалитетни интерперсонални односи со учениците и зголемување на нивната мотивација за повисоки резултати.

Постигнатите резултати на учениците на крај на учебната 2019/2020 година, утврдени на Наставничкиот совет одржан на 16.6.2020 година се на задоволително ниво.

Во училиштето се реализираат следните ***проекти:***

1.Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем – интегрираните планирања со избраните точки на акција од 9-те еко стандарди се реализирани се реализирани во сите паралелки од прво до деветo одделение.

2.Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО)- целта на овој проект е да помогне во овозможувањето позитивни интеракции меѓу младите од различна етничка припадност на ниво на училиште и на заедница, истовремено подобрувајќи ги вештините за граѓанско образование, однесувања и волонтерски практики на младите. Програмата исто така обезбедува соодветни придонеси за покривање на трошоците за реновирање и други физички подобрувања идентификувани од страна на младите запишани во училиштата кои се дел од оваа програма.

Согласно изготвената програма за работа на тимот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието се одржани договорни состаноци и самостојни активности (доставен извештај во Прилози)

3.Проект „Безбедност во училиштата„ - формиран е Клуб за превенција од насилство со група ученици од седмо, осмо и деветто одделение, а во соработка со полициска станица Карпош и МВР Скопје се реализирани работилници на тема: „Насилство„

4.Проект „Училишни градини„- втора фаза, со цел подигање на свеста за значењето и улогата на иновативните модели и механизми за едукацијаза најмладите во училиштата во однос на заштита на животната средина, промоција на вистинска храна и здрави животни навики.

5.Проект,, Поведи другарче во библиотека! Направи го тој момент дружење”- реализирани се сите заеднички активности со ОШ,, Други Шумадиски Одред”-Марковац од Велика Плана предвидени за првото полугодие од учебната година 2019/2020

Во текот на учебната 2019/2020 година реализирани се проекти по иницијатива и во организација на општината Карпош и тоа:

1. Проект „Зелени стапалчиња“ - од 23.9.2019 до 27.9.2019г. се одржаа активности со учениците од 5 одд. од страна на одделенскиот наставник Александра Смилковска, а со цел за подигнување на свеста кај учениците за зачувување на животната средина.

За реализација на проектите со определени одговорни наставници како и тимови за следење. За успешна реализација на проектите во наставата, одговорните наставници, директорот и психологот учествуваа на семинари и обуки организирани од страна на Бирото за развој на образованието, МЦГО и USAID.

***Слободни ученички активности***

Слободните ученички активности беа реализирани преку работата на секциите во училиштето од страна на одговорните наставници со однапред изготвени програми за работа согласно Наставниот план и програма за одделенска и предметна настава. Динамиката на реализираните активности е прикажана во Прилозите на годишниот извештај.

***Воннаставни ученички активности***

Во училиштето работат:

- *Детската организација* под раководство на одговорниот наставник Слободанка Пешевска.
- *Ученички парламент* под раководство на психологот Елизабет Солтирова.
- Организација на *Подмладок на Црвениот Крст,* одговорни наставници Кристина Андриќ Стојановска, Зорица Бебекоска Спиридонов и Маја Христовска
- *Грижа за здравјето на учениците*, одговорни сите одделенски раководители, наставник по биологија Маја Христовска и Александра Пројковска/Ана Деспотовска
- *Општествено – корисна работа*, одговорни наставници Благојче Бошковски, Стефан Боцески, Зоран Бочваровски и одделенски раководители
- *Комуникација со јавноста и промоција на училиштето* - одговорни повеќе наставници, психолог, директор
- *Јавна и културна дејност на училиштето*, одговорни повеќе наставници, психолог, директор

Во рамките на своите активности училиштето посветува посебно внимание на здравствената заштита и воспитување на учениците. Во текот на оваа учебна година се преземени низа активности за превенција и заштита на здравјето на учениците: предавања за заштита од заразни болести и вируси, едукативни часови за правилно одржување на личната хигиена и заштита од вошливост, одржување на орална хигиена, правилна исхрана и здрава храна и други здравствени теми. Училиштето редовно соработува со „Здравствениот дом Ѓорче Петров“ за спроведување на редовни систематски и стоматолошки прегледи заради со цел превенција, здравствена заштита и воспитување на учениците. Реализиран е еднодневнен есенски излет кај манастирот Св. Никита -Бањани на 31.10.2019 со учениците од прво до деветто одделение во организација на Општина Карпош.

*Динамиката на реализираните активности на ученичките организации, заедно со активите и активностите на одделенските раководители, табеларно се дадени во Прилозите на годишниот извештај.*



***Еко моливи за подигнување на свеста за здрава животна средина***



***Манифестација ,, Јас имам талент”***




***Сертификат  за квалитет***

***Јавна и културна дејност на училиштето***

Активностите од јавна и културна дејност на училиштето во првото полугодие се реализираа низа активности низ неколку форми: прием на првачиња, културно-уметнички приредби, надвор од училиштето,(Библиотека „Браќа Миладиновци“-Другарче, Музеј на македонската борба, Дом за стари лица „Мајка Тереза“, јавни настапи, одржани часови во е училница на МРТВ, хуманитарен настан на Канал 5, учество на ликовни и литературни конкурси и спортски натпревари. На покана од Музејот на македонската борба под нараторство на Данило Коцевски музичка точка ,,Градот убав'' изведба имаше училишниот хор со одговорниот наставник Слаѓана Чекичевска. Во градската библиотека ,,Другарче'' беа доделени дипломи на наградените ученици на литературниот конкурс на тема ,,Моќта на словото'' по повод празникот ,,Св.Климент Охридски'' и благодарница за училиштето за долгогодишна соработка.Чинот на доделување на наградите беше збогатен со пригодна програма од нашето училиште, на која настапија хорот, ритмичка точка подготвена од одд.наставник Александра Гавриловска и Сара Крстевска 7а одд. со лична творба со знаковен јазик.Михаела Младеновска го водеше настанот.Посета на домот ,,Мајка Тереза со дел од учениците членови во хорот со цел заедничко украсување на домот и пеење новогодишни песни со штитениците во домот, одбележан јубилеј 35 години на училиштето со виртуелна приредба на која се приклучија и гости од ОШ „Јован Поповиќ„ од Инџија, ОШ „Душан Јерковиќ„ од Рума и ОШ „Други шумадијски одред„ од Марковац, Велика Плана од Р Србија.

***Соработка со локалната средина***

Соработката со локалната средина се реализираше со учество на манифестации, конкурси, спортски и други активности на ниво на општината и градот. Училиштето учествуваше во активностите со локалната средина и тоа:

- ученици под менторство на одговорниот наставник по ликовно образование м-р Тони Шулајковски, успешно го претставија училиштето на Ликовната меѓународна колонија „Св. Пантелејмон“, одржана на 14.9.2019
- манифестацијата „Јас имам талент„ на која ученичката Сара Крстевска под менторство на наставничка Марика Ракиќ освои II место го претстави училиштето.
- Учество на манифестацијата 10 ка за Карпош со Карпош ин, Уредување на дворот ,Проект ,,Здрава храна '',наставниците пеат и водители наставници на истата.
- Учество на меѓународен ликовен конкурс „13 Ноември„ со освоени прво и второ место
- украсување на просториите по повод новогодишните празници и настап со музички точки идел од хорот во домот за стари лица ,,Мајка Тереза''
- учество на литературни конкурси и натпревари: литературен конкурс, литературен конкурс Св.Климент Охридски под менторство на наставникот по македонски јазик Марика Ракиќ и освоени две награди I и II место
- учество на литературни конкурси и натпревари: литературен конкурс, ,Една слика од мојот свет''. литературен конкурс ,Кочо Рацин'' под менторство на наставникот по македонски јазик Марика Ракиќ и освоени две награди III места
- спортските натпревари организирани на општинско и градско ниво и освоени награди.
- учество на Филмскиот фестивал за деца и млади „Џифони Македонија“-

- Учество на завршна манифестација од проектот Истражувачки споменар

Постигањата на учениците се прикажани во табела во прилог.

***Производствена и општествено-корисна работа***

Со производствена и општествено-корисна работа во училиштето се опфатени сите ученици и вработени. Во рамките на ова подрачје, учениците учествуваа во акции за чистење и уредување на училиштето и училишниот двор, организирање и учество на хуманитарни акции, грижа за инвентарот на училиштето, украсување, работилница со родители за изработка на честитки и украси за Нова година, по повод велигденските празници, еколошки активности и сл. . Сите активности се прикажани во табела во прилози.

***Соработка со родителите***

Соработката со родителите се одвиваше низ индивидуални, групни и општи средби со различни цели и потреби во рамките на училишните и вонучилишните активности.

Во училиштето освен редовните родителски средби (5.09.2019 г., 13.11.2019 г., 24.1.2010 и индивидуални родителски средби одржани на 23.4.2020г. и 17.6.2020г.), организирани се и отворени денови еднаш месечно (среда) со цел родителите да добијат информации од повеќе предметни наставници за постигањата на учениците. По прекинот на редовната настава, соработката со родителите продолжи со користење на средствата за електронска комуникација како VIBER, Messenger и училишната платформа. На овој начин реализирани се сите планирани родителски средби за информирање за постигнатиот успех и поведение на учениците. Исто така продолжи и соработката со Советот на родители.

Со цел поддршка на родителите корисници на социјална помош и намалување на детската сиромаштија, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, во училиштето се спроведуваат активности за редовноста на учениците за остварување на правото на образовен додаток. Преку Фондацијата Отворено општество, родителите од ромската заедница кои имаат деца запишани во прво одделение имаа можност да учествуваат на конкурсот за стипендии за редовно посетување на настава.

***Успех на учениците***

Согласно законската регулатива за деветгодишно основно образование, на крај на учебната 2019/2020 година, учениците од прво до третто одделение се оценети описно, а од четврто до деветто одделение оценувањето е бројчано (сумативно). Постигањата на учениците во третото тримесечие и на крајот на учебната година се оценети според Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку далечинско учење односно учење од дома, изготвено од Бирото за развој на образованиетро во соработка со Центарот за стручно образование и обука, бр. 12-4217/1 од 30.3.2020 година. Постигнатиот успех на учениците на крајот на учебната 2019/2020 година е прикажан во табела и изнесува 3,91 што е на задоволително ниво. Детален преглед за бројот на ученици по паралелки, националност и пол, успехот, поведението и изостаноците се прикажани во прилог на извештајот.

За објективно оценување и вреднување на стекнатите знаења на учениците, наставниците користат контролни задачи и неформални тестови на знаења како и писмени работи по предмети за кои тие се задолжителни. Оценувањето е континуирано и редовно, со користење на бројни техники и методи погодни за формативно оценување на напредокот на учениците со користење на електронски платформи и мрежи. со

редовна комуникација наставник-ученик, водење на електронско портфолио за секој ученик. Сите формативни оценки и согледувања на наставниците во текот на реализацијата на онлајн наставата се користеа за формирање на сумативна оценка на крајот на наставната година.

За континуиран успех и примерно поведение во училиштето се пофалени 17 ученици, а за првенец на генерацијата, е прогласен ученикот Марко Крстевски од 9а одделение. Со примерно поведение се 224 ученици, а 8 со добро поведение.

Во учебната 2019/2020 година направени се вкупно 15251 изостаноци, од кои оправдани се 7845, а 7406 се неоправдани. Големиот број на неоправдани изостаноци се последица од честото напуштање на наставата од страна на учениците од ромската популација поради заминување во странство или неоправдани подолготрајни отсуства, кои ги водиме како осипани ученици и нередовни ученици. Поради неоправданото отсуство од наставата во континуитет од месец дена и повеќе, 15 родители на овие ученици се пријавени во Државниот просветен инспекторат. Осипани и неоценети се 10 ученици, а 4 ученици се вратија на настава во второто полугодие. Од нив 2 ученика се упатени да полагаат одделенски испит. Постојано се води евиденција на отсуствата на учениците од страна на одделенските раководители и психологот, се водат разговори со учениците и родителите. За неоправданите отсуства, слабите оценки и нивното однесување во училиштето се изречени педагошки мерки.

Во текот на учебната година одржани се 4 одделенски совети 10 наставнички совети со кои раководи директорот на училиштето.

Вработените постојано ја вреднуваат својата работа, со постојана желба за унапредување и иновирање на воспитно-образовниот процес.

Во училиштето извршени се увиди од просветните инспектори Соња Миладинова и Јасмина Аврамовска, Државен просветен инспекторат, на 18.11.2019г. и 17.01.2020 г. за пријавени родители на ученици кои нередовно посетуваат настава и увид за реализација на дополнителната и додатната настава од страна на просветниот инспектор Стефан Стојанов на 5.3.2020 година. Редовен санитарен инспекциски надзор извршен на 21.10.2019 година и вонреден санитарен инспекциски надзор извршен на 13.2.2020 година.

**ЗАКЛУЧОК**

Во учебната 2019/20, во училиштето беа реализирани проекти и значајни активности, настани и промени во воспитно-образовниот процес со цел активно вклучување на сите чинители во воспитно-образовниот процес, подобрување квалитетот на наставата, повисоки постигања на учениците и нивна промоција во пошироката општествена средина.

Како приоритети и постојани предизвици е намалувањето на поголемиот број на изостаноци од страна на учениците и подобрување на редовноста на учениците. Во оваа учебна година, акцент во работата на училиштето е ставен на меѓународна соработка на училиштето, реализирање на заеднички проекти и организирање на воннаставни активности со цел ангажирање на учениците и нивно поттикнување за проширување на знаењата, развивање на вештините и меѓусебната соработка. Со поголемиот број на активности се поттикнуваат и родителите да се вклучат во работата на училиштето како партнери, а со тоа се подобрува и соработката со нив.

Посебен предизвик беше организацијата и реализацијата на е - наставата односно далечинското учење за сите чинители во училиштето и прилагодување на воспитно-образовниот процес за времетраењето на вонредната состојба.

м-р Елизабет Солтирова
психолог

м-р Матилда Бајкова
директор

Скопје, август 2020 г.

# Р А Б О Т А   Н А   Д И Р Е К Т О Р О Т

Раководење на воспитно-образовната организација, т.е. раководењето со училиште е сложена и одговорна работа. Улогата на директорот е од големо значење, бидејќи тој е главен двигател во работата и активностите на училиштето.

Во текот на првото полугодие, директорот беше насочен кон реализација на следните активности во училиштето:

- Реализација на Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020 година;
- Увид во техничката и другата подготвеност за работа на училиштето;
- Изработка на брошура за родителите, според чл.36 од Законот за основно образование;
- Распределба на часови, одделенски раководства и изборни предмети;
- Распределба на задолженија на наставниците за учебната 2019/2020 година;
- Помош во изработувањето и увид на Годишните тематски и процесни планирања на наставниците како и состаноци за подобрување на недостатоците забележани од интегралната инспекција ;
- Свечен прием на дечињата во прво одделени на 3 септември 2019год. и во Детската организација, на 6 октомври 2019 година;
- Советодавно-консултативна работа со наставниците, учениците, родителите;
- Контрола врз работата на наставниците, стручните соработници, административниот кадар и техничкиот персонал, состанување и договарање за работни активности;
- Контрола на работата на наставниците во делот на водење на педагошката администрација и е-дневникот;
- Навремено се давани информации на наставниците и останатите вработени за промените во законските одредби, укажувања и тековните активности;
- Следење на редовната настава и воннаставните ученички активности;
- Посета на часовите од редовната настава, дополнителна настава и други слободни активности;
- Увид во дневните подготовки на наставниците;
- Следење на работата и соработка со комисиите и стручните активи;
- Следење на работата на техничкиот персонал
- Соработка со сметководителот за континуиран материјално-финансиското работење на училиштето и работата на сметководителот;
- Изготвување на Годишен финансов план за работа на училиштето и План за јавни набавки за 2019/2020 година;
- Склучување договори со закупопримачите и регулирање на месечните фактури;
- Склучување договори за работа и останата дејности и услуги;
- Организирање и водење на наставничките и одделенските совети;



- Учество во организирање на родителските средби и учество во Отворените родителски средби (ноември и јануари);
- Индивидуални средби со родители;
- Учество во работата и организацијата на Советот на родители;
- Учество во Советувањето на родителите, организирано од страна на психологот;
- Следење на резултатите од индивидуалната и групната советодавна работа (наставник-родител-ученик)
- Изработка на извештаи за успехот на учениците на првото тримесечие, второто тримесечие и на крајот од првото полугодие трето тримесечие, крај на учебна година;
- Анализа на постигнатите резултати на учениците во тримесечијата и на крајот од учебната година на карактеристичните проблеми во воспитно-образовниот процес (проблеми од социјална природа со учениците од ромската националност);
- Изработка на годишен извештај за работата на училиштето во учебната 2018/2019 година;
- Поттикнување и организирање на културно-забавниот живот во училиштето;
- Поддршка на учениците и наставниците во реализирање на разни видови културни настани надвор од училиштето (посета на музеј, театар, културно-историски споменици и локалитети во непосредна близина);
- Соработка со МОН, ДПИ, БРО, ДИЦ, ОБСЕ, МЦГО, СОС Детско Село USAID, British Council.
- Состаноци со Градоначалникот на Општина Карпош, раководителот за образование при Општина Карпош, како и учество во работата на Комисијата за образование при Советот на Општина Карпош и присуство на Седници на Советот на општина Карпош;
- Потпишување на меморандум за реализација на проектот на МОН И ОПШТИНА Карпош за придружници во наставата за децата со ПОП
- Потпишување меморандуми за пријателство и соработка од меѓународен карактер со основните училишта ОШ ,, Душан Јерковиќ” од Рума и ОШ,, Јован Поповиќ “- од Инџија
- Соработка со основните и средните училишта на ниво на Општина Карпош и градот;
- Соработка со Домот за стари лица „Мајка Тереза“ во Злокуќани;
- Соработка со урбаните заедници Бардовци и Злокуќани;
- Соработка со Полициска станица Карпош;
